РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Су.бр.96/23
28.11.2023 година

Претседателот на Основен суд Прилеп, Јасмина Шишковска Стојковиќ, согласно чл.6 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РСМ бр.24/2019) и чл. 15 ст.1 и 2 од Судскиот деловник, денес на ден 28.11.2023 година ,ја утврди следната :

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

## 1.Законски одредби

Јавните набавки во Основен суд Прилеп се спроведуваат во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр.24/2019)

Постапка за спроведување на јавна набавка се спроведува за набавки чија проценета вредност без данокот на додадена вредност (ДДВ) е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противредност за стоки или услуги или 5.000 ева во денарска пртивредност за работи..

## 2.Годишен план за јавни набавки.

Јавните набавки во Основен суд Прилеп се планираат со донесување на Годишен план за јавни набавки во судот согласно чл.26 од Законот за јавни набавки. Ваквиот интерен акт се донесува од страна на претседателот на судот најдоцна до крајот на месец јануари во тековната година и ги опфаќа вкупните потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи. Со Годишниот план за јавни набавки се определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот.

Вкупните потреби за набавка ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавка.

Доколку во текот на тековната година се утврди потреба и законски услови за јавна набавка која не можела дабила опфатена со донесениот годишен план или доколку некоја планирана јавна набавка не може да се спроведе, ќе биде донесен акт со кој ќе се направи измена и дополнение на Годишниот план за јавни набавки.

**3.Одлука за спроведување на јавна набавка**

Постапка за спроведување на јавна набавка започнува со донесување на одлука за спроведување на јавна набавка. Оваа одлука ја донесува Претседателот на Основен суд Прилеп како раководен орган во судот. Со оваа одлука се определува потребата од спроведување на конкретната набавка, предметот и количината на набавката, изворот и висината на финансиски средства за нејзино спроведување, видот на постапката за јавна набавка, се назначуваат претседателот и членовите на комисијата за јавни набавки, нивниот број и нивните заменици и се определат одговорни лица за подготовка на постапката за јавна набавка, одговорни лица за следење на реализација на постапката за јавна набавка и одговорни лица за известување за склучен договор и евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди.

**4. Комисија за спроведување на јавна набавка**

Постапката за јавна набавка ја спроведува Комисијата за јавна набавка определена со одлука на Претседателот на судот.

Комисијата во зависност од постапката за доделување на договорот за јавна набавка, ги врши сите работи определени со чл.79 од Законот за јавни набавки.

**5.Подготовка на постапката за јавна набавка.**

Подготовка на постапката за јавна набавка ја спроведуваат одговорните лица определени со одлуката за спроведување на јавната набавка.

Подготовката на постапката опфаќа изработка на тендерска документација, објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка во „Службен весник на Република С Македонија“ и оглас за барање за прибирање на понуди во Бирото за јавни набавки преку ЕСЈН.

**6.Одговорни лица за следење и реализација на склучениот договор за јавна набавка.**

Со одлуката за спроведување на јавната набавка, Претседателот на судот определува и одговорни лица кои ќе бидат задолжени за следење на реализацијата на склучениот договор за јавна набавка. Ова следење се однесува на реализацијата на договорот по количини, вредност и квалитет.

**7.Јавно отворање на понудите**

Јавното отворање на понудите го врши Комисијата за јавни набавки во време и место определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите.

Веднаш по отварањето на пристигнатите понудит претседателот и членовите на комисијата за јавни набавки се должни да потпишат изјави за непостоење судир на интереси согласно чл.38 од Законот за јавните набавки.

За спречување судир на интереси во постапките за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси

**8.Евалуација на понудите**

Евалуацијата на пристигнатите полноважни понуди ја врши комисијата за јавни набавки согласно чл.59 од Законот за јавните набавки. По извршената евалуација комисијата пристапува кон рангирање на понудите и изготвување на предлог за избор на најповолна понуда.

По првичната евалуација Комисијата може да користи електронска аукција преку која може да добие нови цени корегирани надолу.

**9.Одлука за избор на најповолна понуда и склучување на договор со економскиот оператор.**

Одлуката за избор на најповолна понуда ја донесува Претседателот на Основен суд Прилеп како договорен орган.

По правосилноста на донесената одлука за избор , Претседателот на судот склучува и договорот за јавна набавка со економскиот оператор кој доставил најповолна понуда за јавната набавка согласно критериумите утврдени во тендерската документација.

**10.Известување за склучен договор за јавна набавка и евиденција на барањата за прибирање на понуди.**

Одговорното лице за известување за склучен договор за јавна набавка и евиденција на барањата за прибирање на понуди и задолжително доставува известување за склучен договор за јавна набавка по спроведената постапка, согласно чл.70 од Законот за јавните набавки..

**12. Чување на досието за постапката за доделување на договор за јавна набавка.**

Примерок од досието за постапката што се спровела во електронска форма преку ЕСЈН се чува во ЕСЈН најмалку пет години од денот на склучување на договорот за јавна набавка

Основен суд Прилеп на ден 28.11.2023 година.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Претседател
Јасмина Шишковска Стојковиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
28
ПРИЛЕП